# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 29 јуни 2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 9 јули 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Слободан Калајџиски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Соња Гиевска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Кире Триводалиев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика (позиција 2), во предвидениот рок се пријави само кандидатката Илинка Иваноска, доктор по технички науки, специјалност: комјутерски науки и инженерство и доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Илинка Иваноска е родена на 28.7.1986, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во природно-математичката гимназија „Никола Карев“ во учебната 2004/2005 год. со одличен успех и просечна оценка 5,00. Со високо образование се стекнала на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Информатика и компјутерско инженерство. Дипломирала на 9 септември 2009 година, со просечен успех 10.00.

Во учебната 2009/2010 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на насоката Содржинско базирано пребарување на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила на 20 август 2013 година, со просечен успех 10,00. На 20 август 2013 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Семантички метрики за сличност-примена кај протеини“.

Докторска дисертација пријавила во 2017 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Откривање на знаење во мозочни мрежи“ ја одбранила на 12 октомври 2021 година, пред Комисија во состав: д-р Соња Гиевска, претседател, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Слободан Калајџиски, ментор, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, академик д-р Љупчо Коцарев, член, редовен професор (во пензија) на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Кире Триводалиев, член, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Сашо Коцески, надворешен член, професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област компјутерски науки и инженерство.

Своето прво работно искуство го стекнала во друштвото за информатички услуги „Некстсенс“ ДОО во 2008 година. На Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, почнува да работи во 2009 година, а од 2011 година работи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, како демонстратор.

Во текот на своите докторски студии, повеќе пати остварува научни престои во групите за анализа на медицински податоци (MEDAL) и комплексни системи во Центарот за биомедицински технологии на Политехничкиот универзитет во Мадрид, Шпанија, каде што работи на методи за анализа на мозочни мрежи. Учествувала во повеќе меѓународни и домашни научноистражувачки проекти. Во рамките на досегашната научноистражувачка работа, има објавено повеќе научни трудови на меѓународни конференции и списанија со фактор на влијание.

Во октомври 2015 година е избрана за асистент докторанд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа информатика и компјутерско инженерство. Во јануари 2022 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Во моментот е доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1252 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 1 јануари 2022 година.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик, солидно ги познава и шпанскиот и германскиот јазик.

Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1108, бр. 1244, и бр. 1252, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, во извештајниот период, кандидатката д-р Илинка Иваноска изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми и настава и вежби на втор циклус студии на повеќе студиски програми.

На прв циклус студии, изведувала настава по предметите: Биолошко инспирирано пресметување, Дискретна математика, Објектно ориентирана анализа и дизајн, Веројатност и статистика, Машинско учење, Математика 3, Алгоритми и податочни структури и Вовед во Компјутерски науки.

На втор циклус студии, изведува настава по предметите: Обработка на податоци, Статистички истражувачки вештини: уредување, рапортирање и визуелизација на податоци, AutoML, Откривање знаење во големи граф податоци, Статистичко програмирање и Вовед во пресметковна невронаука.

Кандидатката била ментор на 4 дипломски труда, а учествувала и како член во комисија за оцена/или одбрана на 59 дипломски работи и 1 магистерски труд.

Кандидатката е коавтор на рецензиран универзитетски учебник под наслов: „Податочни структури“, за потребите на предметот Алгоритми и податочни структури од 2023 година.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Илинка Иваноска има објавено преку 30 научни трудови, од кои 4 се објавени во научни списанија со фактор на влијание. Во извештајниот период, д-р Илинка Иваноска има објавено вкупно 12 научноистражувачки трудови, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 11 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски

собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. Дополнително, кандидатката има учествувано во научни собири со 2 постер-презентации.

Кандидатката д-р Илинка Иваноска водела 5 национални научни проекти, а активно учествувала во други 6 национални и во 6 меѓународни научни проекти во извештајниот период.

Д-р Илинка Иваноска била и рецензент на 57 научни труда за меѓународни научни конференции и собири.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Илинка Иваноска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Учествувала во повеќе промотивни активности на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес.

Во тековниот изборен период, д-р Илинка Иваноска била член во програмските и организациони одбори на следниве 10 меѓународни научно-стручни собири/конференции: International Conference on Informatics and Information Technologies – CIIT (од 2022 до 2026 година) и ICT Innovations Conference (од 2021 до 2025 година). Д-р Илинка Иваноска во 2026 година била и претседател на организациониот одбор на 1 меѓународен научно-стручен собир и уредник на зборникот на трудови тогаш.

Кандидатката д-р Илинка Иваноска учествувала во изготвувањето и пријавувањето на вкупно 5 национални научни проекти, во позиција на носител и 1 меѓународен проект како соработник.

Во рамки на Факултетот, кандидатката била член на Комисијата за интернационализација (2025, 2026 година), член на Уписната комисија (2021, 2022 година), како и член на Комисијата за избор на ректор на УКИМ во 2026 година. Од 2023 година, па до денес е и Еразмус-координатор на Факултетот.

Стручно усовршување во странство остварила со посети и престои повеќе пати во текот на извештајниот период во Institute for Cross-Disciplinary Physics and Complex Systems (CSIC-IFISC), Палма, Шпанија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Илинка Иваноска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство согласно со Извештајот за самоевалуација на Факултетот.

**Оценка на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Илинка Иваноска**

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатката д-р Илинка Иваноска има 123,018 поени од наставно-образовната дејност, 143,656 поени од научноистражувачката дејност и 27,5 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 294,174 поени. Според ова, д-р Илинка Иваноска има значително поголем број на поени од минималниот број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Илинка Иваноска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Илинка Иваноска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Илинка Иваноска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Калајџиски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Гиевска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Кире Триводалиев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Илинка Михаил Иваноска
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** компјутерско инженерство, информатика и роботика

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех изнесува 10,00 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: информатика и компјутерска техника и информатика; поле: компјутерска техника и информатика; подрачје: техничко-технолошки науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>3.1.1<br>5. Назив на научното списание: IEEE Access 10 (IF: 4.82)<br>6. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>7. Наслов на трудот: „Assessing identifiability in airport delay propagation roles through deep learning classification“<br>8. Година на објава: 2022 | Да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>3.5.1<br>1. Назив на зборникот: ICT Innovations 2022. Reshaping the Future Towards a New Normal | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: The 14th International Conference on ICT Innovations<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Холандија, Италија, Словенија, САД итн.<br>4. Наслов на трудот: „An Exploration of Autism Spectrum Disorder Classification from Structural and Functional MRI Images “<br>5. Година на објава: 2023<br><br>3.5.2<br>1. Назив на зборникот: MIPRO 2019 Proceedings<br>2. Назив на меѓународниот собир: 46th International Convention on Information, Communication and Electronic Technology (MIPRO)<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Словенија, Германија, Полска, Австрија итн.<br>4. Наслов на трудот: „Hyperparameter Optimization of Graph Neural Networks for mRNA Degradation Prediction “<br>5. Година на објава: 2023<br><br>3.5.3<br>1. Назив на зборникот: ICT Innovations 2023. Learning: Humans, Theory, Machines, and Data<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 15th International Conference on ICT Innovations<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Холандија, Италија, Словенија, САД итн.<br>4. Наслов на трудот: „Multiplex Collaboration Network of the Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje “<br>5. Година на објава: 2024<br><br>3.5.4<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023)<br>2. Назив на меѓународниот собир: The 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023)<br>3. Имиња на земјите: Словенија, Австрија, Шпанија итн.<br>4. Наслов на трудот: „Projects Collaboration Network for Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje“<br>5. Година на објава: 2023<br><br>3.5.5<br>1. Назив на зборникот: 2025 ACM/IEEE Joint Conference on Digital Libraries (JCDL)<br>2. Назив на меѓународниот собир: ACM/IEEE Joint Conference on Digital Libraries (JCDL)<br>3. Имиња на земјите: Франција, Германија, Велика Британија, САД, Кина итн. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Наслов на трудот: „ReAct-ExtrAct: A Tool for Source-Grounded Automated Data Extraction in Systematic Reviews “<br>5. Година на објава: 2025<br><br>3.5.6<br>1. Назив на зборникот: ICT Innovations 2025, Proceedings. AI and the Digital Frontier: Reshaping Modern Society Through Technology and Computer Science. Springer<br>2. Назив на меѓународниот собир: 17th International Conference, ICT Innovations 2025<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Холандија, Италија, Словенија, САД итн.<br>4. Наслов на трудот: „Hyperparameter optimization of transformer architecture for diagnosis prediction“<br>5. Година на објава: 2026<br><br>3.5.7<br>1. Назив на зборникот: ICT Innovations 2025, Proceedings. AI and the Digital Frontier: Reshaping Modern Society Through Technology and Computer Science. Springer<br>2. Назив на меѓународниот собир: 17th International Conference, ICT Innovations 2025<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Холандија, Италија, Словенија, САД итн.<br>4. Наслов на трудот: „Enhancing Atrial Fibrillation Detection Through Hyperparameter Optimization“<br>5. Година на објава: 2026 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум: 1.1.2022 по објава во Билтен бр. 1252 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Калајџиски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Гиевска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Кире Триводалиев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Илинка Михаил Иваноска
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** компјутерско инженерство, информатика и роботика

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ[1]

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава – прв циклус (Прилог 1) | 60,53 |
| 2 | Одржување на настава – втор циклус (Прилог 1) | 31,20 |
| 3 | Консултации со студенти – прв циклус (Прилог 1) | 5,732 |
| 4 | Консултации со студенти – втор циклус (Прилог 1) | 0,056 |
| 5 | Подготовка на нов предмет – предавања (11*1) (Прилог 1) | 11,0 |
| 6 | Подготовка на нов предмет – вежби (3*0,5) (Прилог 1) | 1,5 |
| 7 | Ментор на дипломска работа (4*0,2) | 0,8 |
| 8 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (59*0,1) | 5,9 |
| 9 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (1*0,3) | 0,3 |
| 10 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (коавтор) (Прилог 1) | 6,0 |
| | **Вкупно** | **123,018** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ[2]

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (Прилог 2) | 10,256 |
| 2 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (Прилог 2) | 42,0 |
| 3 | Одржано предавање по покана на универзитет (Прилог 2) | 1,0 |
| 4 | Учество на научен/стручен собир со реферат – постер (2*0,5) (Прилог 2) | 1,0 |
| 5 | Рецензија на научен/стручен труд (57*0,2) (Прилог 2) | 11,4 |
| 6 | Раководител на национален научен проект (5*6) (Прилог 2) | 30,0 |
| 7 | Учесник во национален научен проект (6*3) (Прилог 2) | 18,0 |
| 8 | Учесник во меѓународен научен проект (6*5) (Прилог 2) | 30,0 |
| | **Вкупно** | **143,656** |

[1] Деталите се дадени во Прилог 1.
[2] Деталите се дадени во Прилог 2.

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**[3]

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Презентација на саеми и отворен ден на ФИНКИ (2024, 2025) 2*0,5 (Прилог 3) | 1,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прилог 3) | 2,0 |
| 2 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прилог 3) | 10,0 |
| 3 | Член на факултетска комисија (Прилог 3) | 4,5 |
| 4 | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) (Прилог 3) | 2,0 |
| 5 | Студиски престој во странство (Прилог 3) | 1,0 |
| 6 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 3) | 1,0 |
| 7 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (5*1) (Прилог 3) | 5,0 |
| 8 | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (Прилог 3) | 1,0 |
| | **Вкупно** | **27,500** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 123,018 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 143,656 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 27,500 |
| **Вкупно** | **294,174** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Калајџиски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Гиевска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Кире Триводалиев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

[3] Деталите се дадени во Прилог 3.

***Прилог 1***

## Наставно-образовна дејност

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на д-р Илинка Иваноска во периодот од октомври 2021 до јуни 2026

**Одржување на настава – прв циклус**

| Година | Семестар | Предмет | Часови предавања/неделно | Часови вежби/неделно | Часови лаб. вежби/неделно | Студенти | Поени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Одржување предавања/вежби | Консултации со студенти |
| 2021/2022 | Зимски | Algorithms and Data Structures | 2 | 2 | 2 | 84 | 3 | 0.168 |
| | | Дискретна математика 1 | 3 | 3 | 0 | 150 | 3.15 | 0.3 |
| | | Алгоритми и податочни структури | 0 | 2 | 2 | 169 | 1.8 | 0.338 |
| | Летен | Discrete Mathematics | 3 | 3 | 0 | 150 | 3.15 | 0.3 |
| | | Објектно ориентирана анализа и дизајн | 2 | 2 | 1 | 120 | 2.55 | 0.24 |
| | | Биолошки инспирирано пресметување | 2 | 2 | 1 | 10 | 2.55 | 0.02 |
| 2022/2023 | Зимски | Algorithms and Data Structures | 2 | 2 | 2 | 93 | 3 | 0.186 |
| | | Probability and statistics | 3 | 0 | 0 | 155 | 1.8 | 0.31 |
| | | Дискретна математика 1 | 3 | 3 | 0 | 83 | 3.15 | 0.166 |
| | Летен | Discrete Mathematics | 3 | 3 | 0 | 144 | 3.15 | 0.288 |
| | | Објектно ориентирана анализа и дизајн | 2 | 0 | 0 | 97 | 1.2 | 0.194 |
| | | Биолошки инспирирано пресметување | 2 | 2 | 1 | 5 | 2.55 | 0.01 |
| 2023/2024 | Зимски | Алгоритми и податочни структури | 2 | 2 | 0 | 175 | 2.1 | 0.35 |
| | | Algorithms and Data Structures | 2 | 2 | 0 | 106 | 2.1 | 0.212 |
| | | Веројатност и статистика | 3 | 0 | 0 | 118 | 1.8 | 0.236 |
| | Летен | Објектно ориентирана анализа и дизајн | 2 | 2 | 0 | 91 | 2.1 | 0.182 |
| | | Биолошки инспирирано пресметување | 2 | 2 | 1 | 4 | 2.55 | 0.008 |
| | | Математика 2 / Дискретна математика | 3 | 0 | 0 | 152 | 1.8 | 0.304 |
| | | Машинско учење | 1 | 1 | 0.5 | 49 | 1.275 | 0.098 |
| 2024/2025 | Зимски | Алгоритми и податочни структури | 2 | 0 | 0 | 142 | 1.2 | 0.284 |
| | | Математика 3 | 3 | 0 | 0 | 113 | 1.8 | 0.226 |
| | Летен | Објектно ориентирана анализа и дизајн | 2 | 0 | 0 | 60 | 1.2 | 0.12 |
| | | Биолошки инспирирано пресметување | 2 | 2 | 1 | 11 | 2.55 | 0.022 |
| | | Машинско учење | 1 | 1 | 0 | 56 | 1.05 | 0.112 |
| 2025/ | Зим | Алгоритми и податочни структури | 2 | 2 | 0 | 234 | 2.1 | 0.468 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вовед во компјутерските науки | 2 | 0 | 0 | 70 | 1.2 | 0.14 |
| | Летен | Објектно ориентирана анализа и дизајн | 2 | 0 | 0 | 97 | 1.2 | 0.194 |
| | | Биолошки инспирирано пресметување | 2 | 2 | 1 | 20 | 2.55 | 0.04 |
| | | Машинско учење | 0 | 2 | 0 | 108 | 0.9 | 0.216 |
| | | | | ВКУПНО | | | 60.53 | 5.732 |

**Одржување на настава – втор циклус**

| Година | Семестар | Предмет | Часови предавања/неделно | Часови вежби/неделно | Часови лаб. вежби/неделно | Студенти | Поени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Одржување предавања/вежби | Консултации со студенти |
| 2023/2024 | Зимски | Обработка на податоци | 2 | 2 | 0 | 3 | 2.4 | 0.006 |
| | | Статистички истражувачки вештини: уредување, рапортирање и визуелизација на податоци | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | Летен | AutoML | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | Обработка на податоци | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | Откривање знаење во големи граф податоци | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| 2024/2025 | Зимски | Обработка на податоци | 2 | 2 | 0 | 4 | 2.4 | 0.008 |
| | Летен | AutoML | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | Обработка на податоци | 2 | 2 | 0 | 3 | 2.4 | 0.006 |
| | | Статистичко програмирање | 2 | 2 | 0 | 3 | 2.4 | 0.006 |
| 2025/2026 | Зимски | Обработка на податоци | 2 | 2 | 0 | 7 | 2.4 | 0.014 |
| | Летен | AutoML | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | Вовед во пресметковна невронаука | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | Откривање знаење во големи граф податоци | 2 | 2 | 0 | 1 | 2.4 | 0.002 |
| | | | | ВКУПНО | | | 31,20 | 0,056 |

| Подготовка на нов предмет – предавања | Поени |
|---|---|
| Биолошко инспирирано пресметување | 1,0 |
| Discrete Mathematics | 1,0 |
| Објектно ориентирана анализа и дизајн | 1,0 |
| Probability and Statistics | 1,0 |

| | |
|---|---|
| Машинско учење | 1,0 |
| Математика 3 | 1,0 |
| Вовед во компјутерските науки | 1,0 |
| Обработка на податоци | 1,0 |
| AutoML | 1,0 |
| Вовед во пресметковна невронаука | 1,0 |
| Откривање знаење во големи граф податоци | 1,0 |
| **ВКУПНО** | **11,0** |

| **Подготовка на нов предмет – вежби** | **Поени** |
|---|---|
| Биолошко инспирирано пресметување | 0,5 |
| Discrete Mathematics | 0,5 |
| Машинско учење | 0,5 |
| **ВКУПНО** | **1,5** |

| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Автори** | **Наслов** | **Година** | **Тип на учество** | **Поени** |
| 1 | Vladimir Trajkovikj, Slobodan Kalajdziski, Magdalena Kostoska Gjorchevska, Hristina Mihajloska Trpcheska, Eftim Zdravevski, Petre Lameski, Bojana Koteska, Ilinka Ivanoska, Slave Temkov | Податочни структури | 2023 | коавтор | 6 |
| | | | | **ВКУПНО** | **6** |

*Прилог 2*

## Научноистражувачка дејност

| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Списание** | **Период** | **Поени** |
| 1 | Ilinka Ivanoska, Luisina Pastorino and Massimiliano Zanin | Assessing identifiability in airport delay propagation roles through deep learning classification | IEEE Access 10 (IF: 4.82) | 2022 | 10,256 |
| | | | **ВКУПНО** | | **10,256** |

| Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Конференција** | **Период** | **Поени** |
| 1 | Sara Gjorgjieva, Ilinka Ivanoska, Marjan Gusev | Enhancing Atrial Fibrillation Detection Through Hyperparameter Optimization | ICT Innovations 2025 | 2025 | 4 |
| 2 | Ana Mladenovska, Riste Stojanov, Eftim Zdravevski, Ilinka Ivanoska | Hyperparameter optimization of transformer architecture for diagnosis prediction | ICT Innovations 2025 | 2025 | 3 |
| 3 | Krawczyk, Sebastian, Paweł Jemioło, Jan Karkowski, Ilinka Ivanoska, Miroslav Mirchev, Wojciech Kusa | ReAct-ExtrAct: A Tool for Source-Grounded Automated Data Extraction in Systematic Reviews | ACM/IEEE Joint Conference on Digital Libraries (JCDL) | 2025 | 3 |
| 4 | Jonatan Mileski, Ilinka Ivanoska | Autism Spectrum Disorder Classification Using Functional Brain Connectivity | The 22nd Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2025) | 2025 | 4.5 |
| 5 | Marino Jakimoski, Ilinka Ivanoska | Hyperparameter Optimization and AutoML of a Simple CNN for Skin Lesion Classification | The 22nd Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2025) | 2025 | 4.5 |
| 6 | Andrej Slavejkov, Ilinka Ivanoska | Comparative Analysis of Hyperparameter Optimization Methods for Neural Networks: A Case Study on Apple Quality Prediction | The 21st Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2024) | 2024 | 4.5 |
| 7 | Kiril Avramoski, Ilinka Ivanoska | Impact of Artificial Bee Colony population size on Hyperparameter | The 21st Conference for Informatics and Information | 2024 | 4.5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | optimization of a Random Forest Classifier | Technology (CIIT 2024) | | |
| 8 | Ilinka Ivanoska, Kire Trivodaliev, Bojan Ilijoski | Multiplex Collaboration Network of the Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje | ICT Innovations 2023 | 2023 | 4 |
| 9 | Viktorija Vodilovska, Sonja Gievska, Ilinka Ivanoska | Hyperparameter Optimization of Graph Neural Networks for mRNA Degradation Prediction | 46th International Convention on Information, Communication and Electronic Technology (MIPRO) | 2023 | 4 |
| 10 | Bojan Ilijoski, Kire Trivodaliev, Emil Stankov, Ilinka Ivanoska | Projects Collaboration Network for Faculty of Computer Science and Engineering in Skopje | The 20th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2023) | 2023 | 3 |
| 11 | Jovan Krajevski, Ilinka Ivanoska, Kire Trivodaliev, Slobodan Kalajdziski, Sonja Gievska | An Exploration of Autism Spectrum Disorder Classification from Structural and Functional MRI Images | ICT Innovations 2022 | 2022 | 3 |
| | | | **ВКУПНО** | | **42,0** |

| **Одржано предавање по покана на универзитет** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Наслов на предавањето** | **Име на универзитетот** | **Период** | **Поени** |
| 1 | Introduction to Data mining course: Model evaluation performance | Autónoma University of Madrid | 2022 | 1,0 |
| | | | **ВКУПНО** | **1,0** |

| **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Собир / Конференција** | **Период** | **Поени** |
| 1 | Ilinka Ivanoska, Katarina Trojachanec Dineva, Stefan Andonov, Ivan Kitanovski, Sasho Gramatikov, Slavcho Ivanoski, Monika Simjanoska Misheva, Kostadin Mishev | Benchmarking vision-enabled large language models for brain tumor neuroimaging | 3rd Net4Brain Annual Meeting - Cost Action CA22103 | 2026 | 0,5 |
| 2 | Ilinka Ivanoska, Kire Trivodaliev and Massimiliano Zanin | Statistical and machine learning link selection methods for brain functional networks: review and comparison | NetSci 2023 | 2023 | 0,5 |
| | | | **ВКУПНО** | | **1,0** |

| Рецензија на научни/стручни трудови | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Конференција** | **Месец и година** | **Број на рецензирани трудови** | **Поени** |
| 1 | The 23rd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2026) | април 2026 | 30 | 6 |
| 2 | ICT Innovations Conference 2025 | октомври 2025 | 4 | 0.8 |
| 3 | The 22nd International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2025) | април 2025 | 3 | 0.6 |
| 4 | ICT Innovations Conference 2024 | септември 2024 | 11 | 2.2 |
| 5 | The 21st International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2024) | април 2024 | 3 | 0.6 |
| 6 | ICT Innovations Conference 2023 | септември 2023 | 3 | 0.6 |
| 7 | The 20th International Conference on Informatics and Information Technology (CiiT2023) | мај 2023 | 3 | 0.6 |
| | | | **ВКУПНО** | **11,4** |

| Учество во меѓународни научни проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Финансиран** | **Име на проектот** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | COST Action | CA22103 - A COMPREHENSIVE NETWORK AGAINST BRAIN CANCER (Net4Brain) | 2023-2027 | учесник | 5 |
| 2 | European Health and Digital Executive Agency | MkSafeNet | 2024-2025 | учесник | 5 |
| 3 | Влада на РСМ и Австрија (Билатерален проект) | Користење на вештачка интелигенција за учење нова биологија од големи податоци | 2024-2025 | учесник | 5 |
| 4 | Влада на РСМ и Австрија (Билатерален проект) | Објаснива вештачка интелигенција за примена на компјутерска визија во вградни системи | 2024-2025 | учесник | 5 |
| 5 | The European High Performance Computing Joint Undertaking (EuroHPC JU) | EuroCC: National Competence Centres in the framework of EuroHPC | 2020-2022 | учесник | 5 |
| 6 | EU - Horizon Europe | ChatMed | 2025-2027 | учесник | 5 |
| | | | | **ВКУПНО** | **30** |

| Учество во национални научни проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Финансиран** | **Име на проектот** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Продолжување на Вештачка интелигенција во вградливи и роботски системи | 2025-2026 | учесник | 3 |
| 2 | ФИНКИ | Продолжување на Способности на големи јазични модели за генерирање текст | 2025-2026 | учесник | 3 |
| 3 | ФИНКИ | Способности на големи јазични модели за генерирање текст | 2024-2025 | учесник | 3 |
| 4 | ФИНКИ | Вештачка интелигенција во вградливи и роботски системи | 2024-2025 | учесник | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | ФИНКИ | Продолжување на Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење | 2024-2025 | учесник | 3 |
| 6 | ФИНКИ | Извлекување на знаење од податоци во транспортната инфраструктура преку користење на техники од машинско учење | 2023-2024 | учесник | 3 |
| 7 | ФИНКИ | Продолжување на Оптимизација во машинско учење OptML* | 2025-2026 | раководител | 6 |
| 8 | ФИНКИ | Оптимизација во машинско учење OptML | 2024-2025 | раководител | 6 |
| 9 | ФИНКИ | Продолжување на Оптимизација во методи за откривање на знаење OptMKD* | 2023-2024 | раководител | 6 |
| 10 | ФИНКИ | Оптимизација во методи за откривање на знаење OptMKD | 2022-2023 | раководител | 6 |
| 11 | ФИНКИ | Методи за откривање на знаење во мозочни мрежи MKDBNet | 2021-2022 | раководител | 6 |
| | | | | **ВКУПНО** | **48** |

***Прилог 3***

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

| Учество во промотивни активности на факултетот/институтот | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Активност | Поени |
| 1 | Презентација на саеми и отворен ден на ФИНКИ (2024, 2025,) 2*0,5 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **1** |

## Дејности од поширок интерес

| Член на факултетска комисија | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Активност | Поени |
| 1 | Член на Комисија за интернационализација (2025) | 0.5 |
| 2 | Член на Комисија за интернационализација (2026) | 0.5 |
| 3 | Член на Уписна комисија (2021) | 0.5 |
| 4 | Член на Уписна комисија (2022) | 0.5 |
| 5 | Еразмус-координатор на ФИНКИ (2023) | 0.5 |
| 6 | Еразмус-координатор на ФИНКИ (2024) | 0.5 |
| 7 | Еразмус-координатор на ФИНКИ (2025) | 0.5 |
| 8 | Еразмус-координатор на ФИНКИ (2026) | 0.5 |
| 9 | Член на Комисија за избор на ректор на УКИМ (2026) | 0.5 |
| | **ВКУПНО** | **4,5** |

| Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (FP7, COST, ICGEB, IEAE и сл.) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на извршно тело | позиција | година | Поени |
| 1 | COST Action CA22103 - A COMPREHENSIVE NETWORK AGAINST BRAIN CANCER (Net4Brain) | член | 2023-2027 | 2 |
| | | | **ВКУПНО** | **2** |

| Студиски престој во странство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Престој | Година | Место | Поени |
| 1 | Посета и престој на Institute for Cross-Disciplinary Physics and Complex Systems (CSIC-IFISC) | мај 2025 | Палма, Шпанија | 0.5 |
| 2 | Посета и престој на Institute for Cross-Disciplinary Physics and Complex Systems (CSIC-IFISC) | ное 2024 | Палма, Шпанија | 0.5 |
| | | | **ВКУПНО** | 1 |

| Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на научен/стручен собир | Година | Место | Поени |
| 1 | 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2026 | Струга | 2 |
| | | | | |
| | | | **ВКУПНО** | **2** |

| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на научен/стручен собир | Година | Место | Поени |
| 1 | ICT Innovations | 2025 | Охрид | 1 |
| 2 | ICT Innovations | 2024 | Охрид | 1 |
| 3 | ICT Innovations | 2023 | Охрид | 1 |
| 4 | ICT Innovations | 2022 | Охрид | 1 |
| 5 | ICT Innovations | 2021 | Охрид | 1 |
| 6 | 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2026 | Струга | 1 |
| 7 | 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2025 | Струмица | 1 |
| 8 | 21st International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2024 | Струмица | 1 |
| 9 | 20th International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2023 | Крушево | 1 |
| 10 | 19th International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT) | 2022 | Скопје | 1 |
| | | | **ВКУПНО** | **10** |

| Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на научен/стручен собир | Година | Место | Поени |
| 1 | 23rd International Conference on Informatics and Information Technologies (CiiT 2026) | 2026 | Струга | 1 |
| | | | | |
| | | | **ВКУПНО** | **1** |

| Изготвување и пријавување на научни/образовни национални проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Финансиран | Име на проектот | Период на траење | Позиција | Поени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ФИНКИ | Продолжување на Оптимизација во машинско учење OptML* | 2025-2026 | носител | 1 |
| 2 | ФИНКИ | Оптимизација во машинско учење OptML | 2024-2025 | носител | 1 |
| 3 | ФИНКИ | Продолжување на Оптимизација во методи за откривање на знаење OptMKD* | 2023-2024 | носител | 1 |
| 4 | ФИНКИ | Оптимизација во методи за откривање на знаење OptMKD | 2022-2023 | носител | 1 |
| 5 | ФИНКИ | Методи за откривање на знаење во мозочни мрежи MKDBNet | 2021-2022 | носител | 1 |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО** | **5** |

| **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Финансиран | Име на проектот | Период на траење | Позиција | **Поени** |
| 1 | Влада на РСМ и Австрија (Билатерален проект) | Објаснива вештачка интелигенција за примена на компјутерска визија во вградни системи | 2024-2025 | соработник | 1 |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО** | **1** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Калајџиски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Соња Гиевска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Кире Триводалиев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**